# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 4 година XXIII



Скопје, декември 2010 година

## СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ

## С О Д Р Ж И Н А

2 страна
***Соопштение на ЕАСПД***

3 страна
***Манифест од конференцијата во Скопје***

4 страна
***Одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост***

5 и 6 страна
***Извештај од спроведно истражување на РЦПЛИП - ПОРАКА***

7 страна
***Порака од Генералниот секретар на Обединети нации***

8, 9 и 10 страна
***Европска стратегија за попреченост***

10 страна
***Креирање на локален акционен план во општина Радовиш***

11, 12, 13 и 14 страна
***Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА***

15 страна
***Аутизам - предупредувачки знаци за родителите***

16 страна
***Наша страница***

***“ПОРАКА”***
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

***Главен и одговорен уредник:***
**Виолета Димоска**

***Уредувачки одбор:***
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Гацоска**

***Графичко обликување и печат:***
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Декември 2010 год. Број 4, год. XXIII**

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
”Орце Николов” бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@t-home.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА***

## *Соопштение на ЕАСПД по повод новата Европска стратегија за попреченост*

# *Европска стратегија за попреченост 2010-2020: значајно постигнување и пропуштена можност*

**ЕАСПД - Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост искрено го поздравува и поддржува започнувањето на Европската стратегија за попреченост 2010-2020 на 15-ти ноември 2010 година од страна на Комесарот за правда и основни права Вивиан Рединг.**

**Новата европска стратегија за попреченост “Обновена обврска за Европа без бариери” поставува серија од акции за подобрување на еднаквоста за лицата со попреченост и ги руши бариерите кои ги попречуваат во целост да ги уживаат нивните права како граѓани и потрошувачи. За жал, во целост не ги одразува потребите за адекватни сервисни служби за поддршка со висок квалитет за лицата со попреченост кои ќе ги оспособат да го постигнат тој квалитет.**

Претседателот на ЕАСПД Франц Волфмаер рече: *“Новата Европска стратегија за попреченост е од витално значење за лицата со попреченост и секторот за попреченост во Европа. Поздравуваме тоа што е развиена јасна и долгорочна стратегија која ќе осигура дека лицата со попреченост низ целата Европска унија ќе можат да живеат како еднакви граѓани. Особено се заблагодаруваме на јасното признавање од страна на Европската комисија за потребата од сервисни служби во местото на живеење со цел да се задоволат секојдневните потреби на лицата со попреченост. Сепак, она што недостасува е посебен дел за социјални и здравствени сервисни служби. За многу лица со попреченост, од суштинско значење е да се обезбеди пристап со одржливи и квалитетни социјални сервисни служби кои соодветствуваат на разноликоста на потребите. Отсуството на ваквите сервисни служби може да има во голема мера штетно влијание врз животот на поединците со попреченост и нивните семејства.*

*ЕАСПД исто така жали што Комисијата не ја искористила можноста повторно да ја изрази својата заложба за справување со дискриминацијата на неформалните и семејните згрижувачи и да ги подобри работните услови на професионалните згрижувачи. Најпосле, сериозно сме загрижени што Европската комисија не развила стратегија за тоа како да се справи со последиците од финансиската криза за лицата со попреченост и социјалните сервисни служби, бидејќи едноставните мерки за штедење низ Европа значајно го загрозуваат обезбедувањето на социјални сервисни служби и последователно на тоа, значајно го намалуваат квалитетот на живот на лицата со попреченост во Европа.”*

**Комисијата вети дека ќе преземе акција во одреден број специфични области како што е воспоставувањето на паркинг карти за лица со попреченост низ цела ЕУ и да се подобри пристапноста на транспортот и јавните згради.**

**Друг клучен приоритет е оспособувањето на лицата со попреченост целосно да учествуваат во информатичкото општество, поврзувајќи се со Дигиталната агенда на ЕУ. Комисијата исто така ќе размисли дали да предложи ,,Европски акт за пристапност” до 2012 година со цел и понатаму да го развива Единечниот Пазар за пристапни продукти и сервисни служби.**

**Во текот на следните неколку години, до крајот на 2013 година, имплементацијата на стратегијата ќе се финансира преку актуелни програми како што е Европскиот социјален фонд, програмата Прогрес и 7-ма работна рамка, програма за истражување.**

## Активности на ЕАСПД во партнерство со РЦПЛИП - ПОРАКА

# Манифест од конференцијата во Скопје

## “Кон живеење во заедницата: актуелни состојби - идни предизвици”

***ВОВЕД:***

На 7-ми и 8-ми октомври 2010 година, на Конференцијата во Скопје учествуваа 220 претставници на меѓународни организации, власти, обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост, професионалци од секторот, семејства на корисници на сервисни служби и лица со попреченост, како и претставници од научната заедница. Конференцијата, што ја отвори македонскиот министер за труд и социјална политика, се наоѓаше на календарот за главни настани на Македонското Претседателство со Комитетот на Министри на Советот на Европа. За прв пат во историјата на ЕАСПД, на годишна конференција имаше истовремено учество на претставници од Европската унија, Советот на Европа и Обединетите нации. Сите учесници ја искористија оваа единствена можност да разговараат за понатамошната имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, особено откако темелно ги разгледаа ризичните прашања во овој сектор во југо-источна Европа. Исто така, конференцијата им овозможи на клучните чинители да изградат мостови во знаењето и практиките, надминувајќи ги географските и културните граници.

Делегатите ги споделија своите искуства од видливото влијание на економската и финансиската криза во социјалните сервисни служби и изразија силно несогласување за последователните мерки кои ги преземаа многу влади низ континентот, особено радикалните намалувања во јавното финансирање насочено кон секторот.

***ОД НАЧЕЛА И ВРЕДНОСТИ КОН АКЦИЈА***

Делегатите на Конференцијата во Скопје „Кон живеење во заедницата: актуелни состојби – идни предизвици“, одржана на 7-ми и 8-ми октомври, цврсто ја потврдија својата заложба за целите и вредностите изразени во:

- *Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, чија цел е „унапредување, заштита и обезбедување на целосното и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи на сите лица со попреченост, како и унапредување на почитувањето на нивното вродено достоинство” (член 1)*
- *Акциониот план за Советот на Европа 2006 – 2015*
- *Европската стратегија за попреченост 2010 – 2020 –„Обновена обврска за Европа без бариери”*

*И објавуваат дека:*

- Во целост ја поддржуваат промената во парадигмата што се рефлектира во Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, нагласувајќи ја потребата за пристап кон попреченоста заснован на човековите права, усмерен на потребите, пристап кој оспособува наместо да сегрегира
- Сите бариери што ги спречуваат лицата со попреченост за целосно учество во општеството, на еднаква основа со другите граѓани, треба да се отстранат
- Лицата со попреченост треба да имаат корист од високо квалитетни сервисни служби во заедницата
- Чинителите во областа на попреченост од сите делови на Европа можат да учат едни од други, бидејќи се споделуваат многу предизвици
- Политичката обврска на владите за принципите на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост е широко објавена меѓу владите на Европа, но неисполнителноста е јасна кога станува збор за ратификација и соодветна имплементација на одредбите од документот
- Глобалната економска и финансиска криза во многу земји доведе до груби намалувања во социјалните и здравствените сектори. Поради тоа, најранливите групи во населението треба да се соочат со сѐ потешки животни услови, додека системите за поддршка се доведени до критична точка.

*Со цел да се постигнат целите дадени во Конвенцијата на ОН, делегатите повикуваат за:*

- **Итна ратификација на Конвенцијата** и нејзиниот Опцијален протокол од страна на сите влади во Европа. Во таа насока, македонската влада треба да биде водечки пример откако ја одржа оваа мошне успешна конференција
- Партиципативна разработка на **сеопфатни акциони планови** од страна на националните влади **насочени кон имплементирање на Конвенцијата** во секоја европска земја, вклучително и мерливи цели, што ќе бидат поддржани од реални буџети и пропратени со независни механизми за следење
- Јасен фокус на европските влади за **одржливоста на сервисните служби** за лицата со попреченост, кои можат да се постигнат само преку соодветни системи за регулативи и финансирање
- Вистински и **урамнотежен дијалог помеѓу сите чинители** во секторот за попреченост, од власти до обезбедувачи на сервисни служби и корисници, кои ги почитуваат нивните соодветни улоги и одговорности
- **Континуирана соработка** помеѓу обезбедувачите на сервисни служби од различни региони на Европа бидејќи взаемното учење се покажало како клуч за успех
- **Дополнителни напори од страна на обезбедувачите на сервисни служби** за имплементирање на преминот кон сервисни служби во местото на живеење, преку постојана обука на професионалци и континуирана поддршка на лицата со попреченост, нивните семејства и неформалните згрижувачи. Овој процес ќе го следи начелото на **докажана практика**, под водство и координација на ЕАСПД.
- **Јасна обврска од Европската комисија** за политичка и финансиска **поддршка, потпомагање и следење на имплементацијата на Конвенцијата** во рамките на Европската унија и сите земји кандидати, во согласност со целите на Европската стратегија за попреченост 2010 – 2020.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# РЦПЛИП - ПОРАКА работно го одбележа 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост

Во рамките на својата програма за одбележување на 3-ти декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост, РЦПЛИП – ПОРАКА на 2-ри декември 2010 година во просториите на Дневниот центар – ПОРАКА Скопје, одржа презентација на извештајот од спроведеното истражување во рамките на кампањата за превенција од малтретирање на деца/лица со интелектуална попреченост "Животот како безбедна авантура". Воедно, беше промовиран и објавен Манифестот од одржаната европска конференција во Скопје "Кон живеење во заедницата - актуелни состојби - идни предизвици". На настанот, свои излагања имаа:

- *Чедомир Трајковски*, Претседател на РЦПЛИП – ПОРАКА;
- *Д-р Василка Димоска*, Програмски менаџер во РЦПЛИП – ПОРАКА.
- *Владо Крстовски*, Програмски асистент во РЦПЛИП – ПОРАКА.



Во рамките на презентацијата, а по повод 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, РЦПЛИП – ПОРАКА врачи плакети и благодарници на поединци, институции и организации кои во текот на 2010 година дале свој придонес за остварување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост во Република Македонија.

Благодарница беше врачена на **г-дин Зоран Џорлев**, како израз на признание за соработката и поддршката во организирањето на Европската конференција "Кон живеење во заедницата: актуелни состојби – идни предизвици". Плакети беа врачени на:

- **Национален Демократски Институт**, како израз на признание за поддршката на програмските активности на РЦПЛИП – ПОРАКА за унапредување на законските можности за лицата со попреченост во 2010 година.
- **Град Скопје**, како израз на признание за поддршката во обезбедувањето на континуитетот на работата на Дневниот центар – ПОРАКА Скопје и за поддршката во организирањето на Европската конференција "Кон живеење во заедницата: актуелни состојби – идни предизвици".
- **ДМБУЦ "Илија Николовски – Луј"**, како израз на признание за соработка и поддршката во организирањето на Европската конференција "Кон живеење во заедницата: актуелни состојби – идни предизвици".
- **ЕАСПД - Европска асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост**, како израз на признание за соработката и поддршката во организирањето на Европската конференција "Кон живеење во заедницата: актуелни состојби – идни предизвици".
- **Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Демир Хисар**, како израз на признание за успешното делување и остварување на програмските активности во општина Демир Хисар во 2010 година.

Исто така, РЦПЛИП - ПОРАКА додели **награда "3-ти Декември" на г-ѓа Виолета Димоска**, како израз на признание и благодарност за 40-годишното успешно делување и создавање услови за достоинствен живот на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства во Република Македонија.





**Кампања “Животот како безбедна авантура”**

# Извештај од спроведено истражување за состојбата на лицата со интелектуална попреченост во Македонија

Во рамките на кампањата за превенција од малтретирање и насилство на деца/лица со интелектуална попреченост *“Животот како безбедна авантура”*, во периодот септември – ноември 2010 година, РЦПЛИП – ПОРАКА во соработка со своите локални организации спроведе истражување за состојбата на лицата со интелектуална попреченост во Република Македонија.

Целта на истражувањето беше да се согледа положбата на лицата со интелектуална попреченост на територијата на цела држава, поради што истражувањето беше спроведено во 14 општини: Гевгелија, Кавадарци, Виница, Охрид, Битола, Прилеп, Тетово, Велес, Штип, Демир Хисар, Струмица, Радовиш, Крива Паланка и Градот Скопје.

Заради добивање на унифицирани податоци и информации од истражувањето на состојбите на локално ниво, РЦПЛИП – ПОРАКА изготви прашалник, а претставници на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА користејќи го прашалникот извршија интервју на родители на лица со интелектуална попреченост.

Вкупниот број на опфатени родители на лица со интелектуална попреченост во истражувањето во 14 општини изнесува 266. При изборот на родителите на лица со интелектуална попреченост, водено е сметка за рамномерна застапеност според степен на интелектуална попреченост на нивните деца, пол, возраст, етничка припадност и социјален статус. При обработката на добиените податоци користени се статистички методи, како и квалитативни анализи.

Истражувањето имаше за цел да ја согледа состојбата и условите во кои живеат лицата со попреченост и нивните семејства во Република Македонија. Преку анализа на собраните податоци и информации, добиени се следните основни заклучоци:

**1. Грижата за лицата со интелектуална попреченост е основна задача за родителите и семејството, ограничувајќи ги можностите за засновање на работен однос и учество во јавниот, општествениот и политичкиот живот.**

93% од интервјуираните родители посочиле дека секојдневно водат целосна грижа за своето дете, што опфаќа голем број различни активности, почнувајќи од задоволување на основни физиолошки потреби, постојана придружба и надзор, до развивање на социјални вештини. Притоа, 79% од интервјуираните родители посочиле дека обврските ги споделуваат со брачниот другар и другите членови на семејството.

81% од интервјуираните родители на лица со интелектуална попреченост укажале дека секојдневно се соочуваат со разновидни проблеми и потешкотии во голем број области, а најголемиот дел од нив ја потенцирале неповолната финансиска состојба.

Водењето грижа за лице со интелектуална попреченост се одразува врз работниот ангажман и




градењето на кариера на 73% од интервјуираните родители. Исто така, 73% од интервјуираните родители одговориле дека поради грижата за своето дете со интелектуална попреченост воопшто немаат слободно време, 58% од интервјуираните родители на лица со интелектуална попреченост посочиле дека водењето грижа за лице со интелектуална попреченост го ограничува нивниот општествен, јавен или политички ангажман, вклучувајќи и членување во граѓански организации кои се занимаваат со правата на лица со попреченост.

**2. Лицата со интелектуална попреченост се третираат со почит и достоинство од страна на членовите на семејството, но забележани се и поединечни случаи на злоупотреба, малтретирање и несоодветен однос во рамките на семејството.**

94% од интервјуираните родители на лица со интелектуална попреченост одговорија дека нивните деца со интелектуална попреченост се третирани со почит и достоинство од страна на останатите членови на семејството.

**3. Лицата со интелектуална попреченост сеуште не се доволно прифатени во локалната заедница и не се целосно вклучени во општествениот живот, изложени се на предрасуди кои во изминатитот период имаат тенденција на намалување.**

64% од интервјуираните родители на лица со попреченост укажале дека лицата со интелектуална

## Извештај од спроведено истражување

попреченост и нивните семејства секојдневно се соочуваат со предрасуди од најразличен вид: неприфаќање и одбегнување (поради страв или срам), потсмев и презир, негативни односи и ставови, сожалување, исмејување, третман на лица со пониска вредност (неспособни, невредни, агресивни, заразни) итн.

94 % од интервјуираните родители одговориле дека лицата со интелектуална попреченост воопшто не се рамноправни граѓани и не се вклучени во општеството.

Во однос на изложеноста на лицата со интелектуална попреченост на некаков вид злоупотреба, малтретирање или насилство во локалната заедница, 74% од интервјуираните родители на лица со интелектуална попреченост одговориле дека не се соочуваат со такви појави во местото на живеење, односно состојбата е значително подобрена во изминатитете години.

**4. Поддршката од државата на семејствата кои имаат член со интелектуална попреченост е крајно ограничена.**

90% проценти од интервјуираните родители изјавиле дека не се задоволни и дека државата не презема мерки за олеснување на положбата.

**5. Можностите за соодветно образование и ефективно вработување за лицата со интелектуална попреченост се ограничени.**

Во однос на дискриминацијата во процесот на образование на лицата со интелектуална попреченост, 38% од родителите одговориле дека се соочиле и сеуште се соочуваат со дискриминација во образовниот процес, вклучувајќи несоодветен однос од страна на просветните работници, родителите на децата без попреченост, како и од самите деца без попреченост. 18% од родителите одговориле дека нивните деца никогаш не биле опфатени во образовен процес, т.е. немале можност да го вклучат своето дете во образование токму поради состојбата на детето, што исто така претставува еден вид на дискриминација.

96 % од интервјуираните родители тврдат дека, иако постојат законски можности, вработувањето на лицата со интелектуална попреченост е пропратено со многубројни проблеми и тешкотии, вклучувајќи различни злоупотреби, работење на несоодветни работни места, минимални плати, неисплаќање на плати итн.

**6. Услугите од здравствена заштита не ги задоволуваат потребите на лицата со интелектуална попреченост во делот на набавка на потребните лекарства, а надоместоците од социјалната заштита се минимални и не обезбедуваат социјална сигурност за лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства.**

54% од интервјуираните родители одговориле дека не се задовлни од услугите од здравствена заштита, додавајќи притоа дека потешкотии им претставуваат набавката на потребните лекови, постапката за рефундирање на средства од Фондот за здравствено осигурување, како и несоодветниот однос на дел од медицинскиот персонал.

81% од интервјуираните родители на лица со интелектуална попреченост одговориле дека остваруваат права од социјална заштита (посебен додаток или надоместок за нега и грижа од друго лице), а 24 % имаат потешкотии со административната процедура и документацијата која е потребна за остварување на правата.

**7. Поддршката на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства која ја пружаат граѓанските организации е позитивно вреднувана.**

**Сите интервјуирани родители (100% од одговорите) укажуваат дека е неопходна итна конкретна акција за подоборување на состојбата во која живеат лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства во Република Македонија.** Изјавите и предлозите од родителите се групирани во следните приоритети:

- Подигнување на јавната свест во однос на правата и потребите на лицата со интелектуална попреченост;
- Подобрување на законските можности во однос на правата на лицата со попреченост;
- Обезбедување на поддршка на семејствата во грижата за своите деца со интелектуална попреченост;
- Обезбедување на социјална сигурност за лицата со попреченост, преку зголемување на постоечките надоместоци од социјална заштита и воведување нови – лични права, како и изедначување на биолошките семејства со згрижувачките семејства;
- Развивање на мрежа од социјални сервисни служби за поддршка на лица со интелектуална попреченост и нивните семејства на локално ниво, вклучувајќи дневни центри, мали групни домови, персонални асистенти, центри за времено опфаќање итн;
- Подобрување на состојбата во полето на вработување на лица со интелектуална попреченост, преку зајакнување на контролните механизми кои ќе спречат злоупотреба и несоодветен однос кон вработените лица;
- Подобрување на здравствените услуги и изнаоѓање на модели за непречена набавка на потребните лекарства;
- Обезбедување на подобри услови за образование и ефективно спроведување на реформата за инклузивно образование;
- Партнерски однос помеѓу државата и граѓанските организации кои обезбедуваат сервисни служби за лицата со интелектуална попреченост, и прифаќање на предлозите од граѓанските организации како релевантни насоки за унапредување на правата и севкупната положба на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства во Република Македонија.

*Извештајот од спроведеното истражување беше презентиран на 2-ри Декември 2010 година, во рамките на програмата на РЦПЛИП - ПОРАКА за одбележување на 3-ти Декември - Меѓународниот ден на лицата со попреченост.*

**Порака од Бан Ки-мун, Генерален секретар на Обединети нации**

# ПОРАКА ПО ПОВОД МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ



***Бан Ки-Мун,** Генерален секретар на Обединети нации*

**Темата на Меѓународниот ден на лицата со попреченост во 2010 година беше “Одржување на ветувањето: вклучување на попреченоста во Милениумските развојни цели”.**

Едно од ветувањата дадени од светските лидери на Самитот за Милениумските развојни цели во септември оваа година беше обврската за подобрување на животот на лицата со попреченост.

Оваа разновидна група вклучува лица блиски до нас – семејство, пријатели и соседи. Впрочем, физичките, менталните и сетилните оштетувања се многу чести, опфаќаат околу 10% од светското население.

Попреченоста е исто така тесно поврзана со сиромаштијата. Се смета дека приближно 20% од оние кои живеат во сиромаштија во земјите во развој се лица со попреченост. Насекаде низ светот, тие се соочуваат со високи стапки на невработеност и честопати со недоволен пристап до адекватно образование и здравствена грижа. Во многу општества, едноставно не постојат провизии за оваа група и тие завршуваат со живот во изолација, отсечени од нивните заедници.

И покрај овие препреки, лицата со попреченост покажаа голема храброст и издржливост. Но дури и кога продолжуваме да се инспирираме од оние кои достигнале највисоки нивоа на човеково постигнување, ваквите успеси не смеат да ги замаглат потешкотиите со кои се соочуваат оние кои живеат во очајни услови и немаат пристап до права, привилегии и можности кои се на располагање за нивните сограѓани.



Владите мора да прават повеќе за да ги поддржуваат лицата со попреченост. Тоа значи имплементирање на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост. Исто така значи интегрирање на нивните потреби во националните агенди на Милениумските развојни цели. Во Акциониот план усвоен на Самитот за Милениумските развојни цели, светските лидери признаа дека сегашните напори не се доволни.

На овој меѓународен ден, да прифатиме дека во борбите против сиромаштијата, болестите и дискриминацијата нема да се извојуваат победи без целни закони, политики и програми кои ја зајакнуваат оваа група. Ајде да дадеме збор дека ќе го одржиме ветувањето на целите во рамките на зедниците на лицата со попреченост. Исто така, и да ги вклучиме не само како корисници, туку како вреднувани застапници за промени во нашиот петгодишен напор за постигнување на целите до меѓународно усогласениот краен рок во 2015 година.

## Одржување на ветувањето за Милениумските развојни цели кои ја вклучуваат попреченоста

Иако се направени голем број заложби од страна на меѓународната заедница за развој и вклучување на лицата со попреченост во сите аспекти на развојот, празнината помеѓу политиката и практиката продолжува. Додека Милениумските развојни цели не можат во целост да се постигнат без вклучување на лицата со попреченост, сегашната патека кон постигнување на овие цели може уште повеќе да ја зголеми нивната маргинализација. Постојаното и кумулативното влијание на повеќекратните глобални кризи се заканува и на направениот напредок кон постигнувањето на Милениумските развојни цели што има непропорционално и негативно влијание врз лицата со попреченост.

Лицата со попреченост претставуваат клучни целни групи во сите Милениумски развојни цели, а сепак, за попреченоста и за загриженостите на лицата со попреченост сѐ уште се чека да бидат вклучени во процесите и механизмите на овие цели. Нивниот недостаток на застапеност може негативно да влијае врз напредокот во постигнувањето на Милениумските развојни цели. Иако владите, глобалните лидери, креаторите на политики и други чинители ја увидуваат потребата за инклузивен развој во областа на попреченоста, тие мора да се поддржат во напорите и да се потсетуваат за одржување на ветувањето. Меѓународниот ден на лицата со попреченост – 3-ти декември 2010 – може да се искористи за оваа цел, и понатаму да се осигура целосно и ефективно учество на лицата со попреченост во сите аспекти на општествениот живот и развој.

## Активности на Европската комисија

# Европска стратегија за попреченост 2010 – 2020: Обновена обврската за Европа без бариери

**На 15 ноември 2010 година, Европската комисија усвои нова стратегија за рушење на бариерите кои ги ограничуваат лицата со попреченост да учествуваат во општеството на еднаква основа.**

За повеќето лица е сосема нормално да се качат во автобус и да одат да пазарат, да посетат пријатели, да погледнат театарска претстава или спортски натпревар. Исто се однесува и за пребарувањето на интернет или уживањето во телевизиско шоу, како и за правото да се гласа на избори. Но, за 80 милиони Европејци со попреченост, може да постојат големи препреки кои ги прават овие активности недостапни.

Европската унија и нејзините држави членки имаат силен мандат да ја подобрат социјалната и економската ситуација на лицата со попреченост. За таа цел, Европската комисија усвои нова стратегија за рушење на бариерите кои ги ограничуваат лицата со попреченост да учествуваат во општеството на еднаква основа со другите.

Оваа стратегија обезбедува работна рамка за акција на европско ниво, како и национална акција за да се опфати различната ситуација на мажите, жените и децата со попреченост. Севкупната цел на оваа Стратегија е да се оспособат лицата со попреченост за да можат да ги уживаат нивните целосни права, и во потполност да имаат корист од учеството во општеството и во европската економија, особено преку единечниот пазар. За да се постигне ова и да се обезбеди ефективна имплементација на Конвенцијата на ОН низ цела ЕУ, потребна е доследност. Оваа стратегија идентификува акции на ниво на ЕУ како дополнение на оние на национално ниво, и ги одредува механизмите што се потребни за имплементирање на Конвенцијата на ОН на ниво на ЕУ, вклучително и во институциите на ЕУ. Исто така, ја идентификува поддршката потребна за финансирање, истражување, подигнување на свеста, статистики и собирање податоци.

Комисијата идентификуваше осум главни области за акција: пристапност, учество, еднаквост, вработување, образование и обука, социјална заштита, здравство, и надворешна акција. За секоја од областите, идентификувани се клучни акции, со преклопувачката цел на ниво на ЕУ што е посебно истакната. Овие области беа избрани врз основа на нивниот потенцијал да придонесат за севкупните цели на Стратегијата и на Конвенцијата на ОН, соодветните документи за политика од институциите на ЕУ и Советот на Европа, како и резултатите од Акциониот план за попреченост на ЕУ 2003 – 2010, и консултација на државите членки, чинители и општата јавност. Стратегијата дава преглед како ЕУ и националните влади можат да ги оспособат лицата со попреченост со цел тие да можат да ги уживаат нивните права.

### Пристапност

Пристапноста е неопходна за учество во општеството. Соодветно на тоа Стратегијата на ЕУ за попреченост се стреми да ги отстрани бариерите за пристап со кои се соочуваат лицата со попреченост. Клучните области за акција ги вклучуваат изградената средина, транспортот, информациите и комуникациите, и сервисните служби.

ЕУ користи инструменти како што се истражување, политика и законодавство, и стандардизација за да осигура обезбедување на пристапни продукти и сервисни служби низ целата Унија.

Понатаму, презема чекори за да го подобри функционирањето на пазарот за помошна технологија за да осигура дека тој делува во корист на лицата со попреченост. Европската комисија го промовира пристапот “Дизајн за сите” со цел корист да имаат што е можно повеќе лица. Исто така, делува кон Европски акт за пристапност поставувајќи општа рамка за добра и сервиси.

### Учество

Лицата со попреченост и нивните семејства треба да се во можност да учествуваат, на еднаква основа со другите, во сите аспекти од социјалниот и економскиот живот. Тие треба да се во можност да ги практикуваат нивните права како граѓани, вклучително и правото на слободно движење, да избираат каде и како ќе живеат, и да имаат целосен пристап до културни, слободни и спортски активности.

Комисијата делува за да ги отстрани пречките со кои лицата со попреченост се соочуваат во секојдневниот живот како индивидуи, потрошувачи, студенти и економски и социјални актери. Примери за ова вклучуваат: промовирање на Европска карта за паркирање за лица со попреченост; поддржување на преминот од институционална во грижа во местото на живеење кај државите членки; и промовирање на учество во спортот, како на пример, преку организација на спортски настани специфични за попреченоста.

### Еднаквост

53% од Европејците сметаат дека дискриминацијата врз основа на попреченост или возраст е широко распространета во ЕУ. ЕУ промовира еднаков третман на лицата со попреченост преку двостран пристап

## Европска стратегија за попреченост 2010 – 2020

кој се состои од легислатива за антидискриминација и стратегии, и промоција на еднакви можности во други политики. ЕУ, исто така, обрнува внимание на влијанието врз лицата со попреченост кое го има дискриминацијата врз основа на возраст, пол и сексуална ориентација.

Комисијата осигурува целосна имплементација на ЕУ Директивата забранувајќи дискриминација на пазарот на работни места врз основа на попреченост. Исто така, промовира разноличност и се бори со дискриминацијата преку подигнување на свеста на ниво на ЕУ и на национално ниво, и ја поддржува работата на НВОи во областа.

Комисијата, исто така, даде предлог за уште една директива која се однесува на еднаков третман, но овој пат надвор од областа на вработување, опфаќајќи пристап до добра и сервисни служби.

### Вработување

Квалитетни работни места обезбедуваат економска независност, го подобруваат личниот развој и ја нудат најдобрата заштита од сиромаштијата.

Комисијата бара да ја подобри ситуацијата околу вработувањето за лицата со попреченост. Особено обрнува внимание на потешкотиите на младите со попреченост. Земени се предвид условите за работа и напредок во кариерата, во консултација со социјалните партнери.

Други мерки опфаќаат: создавање на пристапни работни места, поддршка на обука на самото работно место и зголемен пристап до отворениот пазар на трудот за лицата со попреченост кои се вработени во заштитни работилници.

Бидејќи многу лица со попреченост имаат потреба од поддршка, постои се поголема потреба од згрижувачи и обезбедувачи на сервисни служби.

Државите членки ги поставуваат своите политики за вработување во согласност со европските насоки. Стратегијата Европа 2020 за одлучен, одржлив и инклузивен раст постави цел од стапка на вработеност во Европа до 75%. За тоа да се постигне, мора да се зголеми вклучувањето на лицата со попреченост на пазарот на трудот, а тоа ќе помогне и за постигнување на целта да се избават 20 милиони Европејци од сиромаштијата до 2020 година.

### Образование

Стратегијата на ЕУ за попреченост 2010 – 2020 го нагласува еднаквиот пристап до квалитетно образование и доживотно учење. Тоа се клучни фактори во оспособување на лицата со попреченост целосно да учествуваат во општеството и да го подобрат нивниот квалитет на живеење. Сепак, тоа сé уште не е постигнато, и постои голема сегрегација во европското образование.

ЕУ ја почитува националната одговорност за содржината и организацијата на образованието. Истовремено, ги поддржува националните напори да промовира инклузивно образование и доживотно учење за учениците и студентите со попреченост. Исто така, ја промовира нивната мобилност низ ЕУ преку програмата за доживотно учење.

### Социјална заштита и инклузија

Лицата со попреченост треба да бидат во можност да имаат бенефит од сервисните служби како што се социјална заштита, програми за намалување на сиромаштијата, помош поврзана со попреченоста и јавно домување. Државите членки се главно одговорни за овие прашања, но треба да воспостават заеднички цели и показатели преку работна рамка наречена Отворен метод на координација.

Националните напори се оценуваат од страна на Комисијата и Советот во заеднички извештај, кој ги истакнува постигнувањата од иницијативите на ниво на ЕУ во поедините земји. Комисијата, исто така, им помага на земјите кандидати и земјите апликанти да ги реформираат нивните системи за социјална заштита. Изготвени се заеднички меморандуми за инклузија што треба да поставаат приоритети.

ЕУ ги поддржува националните мерки за да обезбеди високо квалитетна, одржлива социјална заштита за лицата со попреченост, видливо преку олеснување на размена на политики. Понатаму, промовира дизајн и имплементација на социјално иновативни програми.

### Здравство

Лицата со попреченост имаат потреба од еднаков пристап до високо квалитетна, сензитивна на полот здравствена грижа, вклучително и превентивна грижа, рехабилитација и други специфични сервиси.

Државите членки се примарно одговорни за организирање и обезбедување на здравствени услуги. Комисијата ги поддржува политиките за подобрување на пристапот до редовна грижа и специфични услуги за лицата со попреченост. Исто така, промовира здравје и безбедност на работното место, со цел намалување на ризикот од попречености кои настануваат поради несреќи на работно место и да им помогне на лицата со попреченост да се вратат на пазарот на трудот.

### Надворешна акција

ЕУ и нејзините држави членки ги промовираат правата на лицата со попреченост во нивните надворешни политики, вклучително и проширувањето и меѓународниот развој.

ЕУ го истакнува статусот на попреченоста како прашање од човековите права преку подигнување на свеста за Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост како дел од своите акции за хуманитарна помош. Ќе продолжи да ги промовира прашањата околу попреченоста во меѓународните тела како што се ОН, Советот на Европа и Организацијата за економска соработка и развој. Комисијата, исто така, го надгледува напредокот на земјите кандидати и потенцијалните земји кандидати во промовирањето на правата на лицата со попреченост и за тоа ги користи инструментите за претпристапна финансиска помош.

Европската стратегија за попреченост 2010 – 2020 обезбедува рамка за концентрирани акции на национално и на ниво на ЕУ за подобрување на ситуацијата на лицата со попреченост.

## Европска стратегија за попреченост 2010 – 2020

Стратегијата се стреми:

- да ги направи пристапни добрата и сервисните и да промовира помошни направи;
- да обезбеди дека лицата со попреченост целосно ги уживаат бенефитите од ЕУ државјанството;
- да промовира обезбедување на високо квалитетни сервисни служби во местото на живеење;
- да се бори против дискриминацијата врз основа на попреченост;
- да им овозможи на што е можно повеќе лица со попреченост пристап до отворениот пазар на трудот;
- да промовира инклузивно образование и доживотно учење за ученици и студенти со попреченост;
- да се бори против сиромаштијата и социјалното исклучување преку обезбедување на пристојни услови за живеење;
- да промовира еднакво учество до здравствени и слични услуги;
- да ги промовира правата на лицата со попреченост преку проширувањето на ЕУ и програми за меѓународен развој ;
- да подигнува свесност за прашања околу попреченоста и да ги оспособува лицата со попреченост да бидат свесни за нивните права и како да ги користат;
- ја подобри употребата на инструменти за финансирање поврзани со ЕУ пристапност и антидискриминација.

Оваа стратегија е наменета да ги поврзе здружените потенцијали на Повелбата на ЕУ за основни права, Договорот за функционирање на Европската унија и Конвенцијата на ОН, и во целост да се искористи Европа 2020 и нејзините инструменти. Поставува во движење процес за оспособување на лицата со попреченост за да можат да учествуваат во целост во општеството на еднаква основа со другите. Бидејќи населението на Европа старее овие акции ќе имаат конкретно влијание врз квалитетот на живот на се поголем дел од своите луѓе. Институциите на ЕУ и државите членки се повикани да работат заедно според оваа Стратегија со цел да ја изградат Европа без бариери за сите.

## "Градот и попреченоста - креирање на локални акциони планови за попреченост"

# Реализирани обуките во општина Радовиш

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА во периодот септември - декември 2010 година продолжи со реализација на активности за креирање на локален акционен план за попреченост во општина Радовиш.

Во досегашниот тек на програмата, реализирана е фазата за обука на работната група која ќе го изготвува локалниот акционен план, преку три семинари.

Преку обуките, членовите на работната група се стекнаа со знаења од повеќе области поврзани со правата на лицата со попреченост, вклучувајќи: локален акционен план како инструмент за изедначување на можностите за лицата со попреченост; основни концепти (дефиниции, медицински и социјален модел, човекови права и сервисни служби); меѓународни и домашни правни инструменти (законски рамки, стратегии, состојби и системи на грижа и заштита); АГЕНДА 22 - инструмент за креирање на локални акциони планови и искуства од други земји; социјални сервисни служби и регулаторни механизми; децентрализација и форми на соработка на локалната



самоуправа и граѓанскиот сектор; идентификување на потреби и ресурси во локалната заедница; раководење со проектни циклуси и односи со медиуми.

Во следната фаза на програмата во општина Радовиш ќе бидат одржани неколку работилници, каде членовите на работната група директно ќе работат на креирање на локалниот акционен план.





## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Тетово



Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Тетово, по повод 3-ти декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, организираше низа активности кои ги спроведе во деновите околу 3-ти декември.

Во основните училишта “Андреа Савески - Ќиќиш“ и “Лирија” беа прочитани реферати за значењето на 3-ти декември. Потоа, во основните училишта “Лирија” и “Наим Фрашери” беа одржани предавања со наставниците од пониските одделенија на тема “Можности на лицата со попреченост” со посебен осврт на лицата со интелектуална попреченост. По повод исламскиот празник Курбан Бајрам ЦПЛИП – ПОРАКА Тетово доби 50 пакети со храна кои беа поделени на семејства кои имаат член со интелектуална попреченост.

На 2.12.2010 година беше организирана средба со градоначалникот на општина Тетово, проф.д-р.Сади Беџети, на која се разговараше за потребите и проблемите со кои секојдневно се соочуваат лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства.

ЦПЛИП – ПОРАКА Тетово на 1.12.2010 година одржа состанок со градоначалникот на општина Желино. На состанокот беше договорено да се организира заедничка активност по повод 3-ти декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост. За таа цел на 3-ти декември, во просториите на општина Желино се одржа работна средба на претставници од ЦПЛИП – ПОРАКА Тетово и градоначалникот и претседателот на советот на општина Желино со претседателите на месните заедници од сите населени места во оваа општина и директорите на основните училишта. На состанокот се разговараше за правата на лицата со попреченост со посебен осврт на лицата со интелектуална попреченост, како и нивните права од областите на образованието, социјалната и здравствената заштита и вработувањето. Се разговараше и за отворање на посебни паралелки за лица со интелектуална попреченост во оваа општина. Градоначалникот на општината даде ветување за соработка со цел да се излезе во пресрет на потребите на лицата со интелектуална попреченост.

Како дел од активностите по повод 3-ти декември беа и учеството на претставници на ЦПЛИП – ПОРАКА Тетово на дебата во Тетовскиот Универзитет на тема: “Сите различни, сите еднакви”, како и на тркалезна маса на тема: “Лицата со посебни потреби, проблемите и видиците” која се реализираше во Инфо центарот на Европската унија во Скопје на 3.12.2010 година во Скопје.

# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Демир Хисар организираше повеќе активности за одбележување на 3-ти декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост.

По повод Меѓународниот ден, беше распишан конкурс за ликовни и литературни творби на тема “Сакаме да бидеме со вас” за учениците од основното и средното образование во времето од 01 до 20 ноември.

На 3-ти декември, претставници на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар, беа примени од градоначалникот на општина Демир Хисар, г-дин Тони Ангелевски, при што беше разговарано за проблемите со кои се соочува ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар, како и за реализираните активности во 2010 година.

На 3-ти декември, во домот на културата “Илинден”, ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар одржа манифестација по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Присутни беа претставници на повеќе институции, невладини организации, наставници, ученици од основните училишта и заинтересирани граѓани Претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар, г-дин Љубе Димчевски ги поздрави присутните и се осврна на целите и задачите на центарот. Покровителот на оваа манифестација - градоначалникот на општината, ја истакна соработката на локалната самоуправа со ЦПЛИП - ПОРАКА Демир Хисар, нагласувајќи дека поддршката како и досега продолжува и во наредниот период. Градоначалникот го истакна своето задоволство од работата и постигнатите резултати на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар. Исто така, г-дин Љупчо Србиновски, директор на Домот за култура “Илинден”, ја истакна соработката меѓу домот и ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар. Реализираните активности на ПОРАКА Демир Хисар во изминатата година ги презентираше секретарот на организацијата, г-дин Томе Милошовски.

Во рамките на манифестацијата беа прогласени трите најдобри литературни творби од основното образование и трите најдобри од средното образование по распишаниот конкурс за литературни творби. На наградените им беа врачени книги донирани од демирхисарските писатели и поети, како и дипломи за освоено I, II и III место.

Во рамките на оваа манифестација беа доделени благодарници за соработката и дадениот допринос во спроведувањето на активностите на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар.

Изработена беше брошура за целите, принципите, приоритетите и активностите на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар и флаер за 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост.

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Радовиш и оваа година со свои активности пригодно го одбележа 3-ти декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, со афирмирање на лицата со интелектуална попреченост.

На 30.11.2010 година ПОРАКА - Радовиш организираше изложба на ликовни цртежи и ракотворби на корисниците на дневниот центар, а имаа можност да ја видат сите заинтересирани граѓани и правни лица од општината, кои беа поканети со соопштение преку локалните медиуми. Изложбата беше отворена цела работна недела во Центарот за култура.

ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш на 01.12.2010 година организираше трибина на тема: "Превенција од злоупотреба и насилство на деца/лица со интелектуална попреченост" во просториите на градската библиотека "Браќа Миладиновци" во Радовиш. На оваа трибина се потенцираа различните облици на насилство кои се поврзани со попреченоста, ризик факторите кои се поврзани со насилството и злоупотребата на лицата со попреченост, како и превентивни мерки за препознавање и стопирање на насилството.

Свој допринос дадоа следните презентери: г-ѓа Блага Долдурова, претседател на ЦПЛИП - ПОРАКА Радовиш; г-ѓа Татјана Костадинова, социјален работник во Дневниот центар ПОРАКА – Радовиш; г-ѓа Виолета Србакова, психолог во ДСУ "Коста Сусинов", д-р Благој Тенев, Здружение на приватни лекари, г-ца Александра Трајанова, инспектор во ОВР Радовиш. Присутни на трибуната беа градоначалникот на општина Радовиш, д-р Роберт Велков, претставници од Советот на општина Радовиш, претставници од основните училишта, Центарот за социјална работа, невладини организации, Служба за внатрешни работи, родители и лица со интелектуална попреченост, и локални медиуми. Исто така, беше прикажан краток документарен филм "Авантурата на Сара".

На 3.12.2010, во просториите на дневниот центар се одржа свечено одбележување на 3-ти Декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост. Со свое присуство, посебно внимание ни посветија претседавачот на Советот на општина Радовиш, дел од членовите на Советот на општината, претставник од Службата за односи со јавноста, заменик генерален директор на





рудникот "Бучим" г-дин Николајчо Николов, група средношколци од гимназијата "Коста Сусинов" заедно со психологот и секретарот на ова училиште, претставници од Фондот за здравство, родители на корисниците во дневниот центар, претставници на невладината организација "Спасо Радовишки" и други граѓани. Сите присутни ги поздрави Татјана Костадинова, давајќи краток осврт на значењето на 3-ти декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, краток осврт на 2010 година посветена на борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост на лицата со попреченост.

Преку јавните медиуми се обрати и претседавачот на Советот г-дин Сашо Николов, извинувајќи го оправданото отсуство на градоначалникот но, со поддршка за нашето работење изразувајќи огромно задоволство од досегашното работење на дневниот центар како сервисна служба. Во наредниот период ни вети од името на градоначалникот и од Советот на општината финансиска поддршка и решавање на просторните можности за функционирање на дневниот центар.

По повод 3-ти декември, од страна на градоначалникот и Советот на општина Радовиш, а за потребите на дневниот центар ни беше подарена микробранова печка.

Исто така, заменик на генералниот директор на "Бучим" г-дин Николајчо Николов, на корисниците на дневниот центар им подари по една маичка. За потребите на дневниот центар во наредниот период тој вети финансиска поддршка и обезбедување на техничка опрема.

На овој ден се доделија благодарници на градоначалникот на општина Радовиш, д-р Роберт Велков, на заменик генерален директор на "Бучим" г-дин Николајчо Николов, и на рудникот "Бучим" како израз на признание за продолжување на континуитетот на работењето на дневниот центар на ПОРАКА Радовиш.

Денот заврши со посета на корисниците на пицеријата "Џокер" каде имаа можност да го вкусат специјалитетот на оваа куќа во пријатна атмосфера за што благодариме на персоналот за добриот прием и на сопственикот г-дин Баже Пулев.

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# На изложба во кафе-бар "Ли"



На 20ти Ноември 2010 година корисниците од дневниот центар ПОРАКА Скопје присуствуваа на изложбата во кафе бар "ЛИ". Изложбата беше организирана од страна на здружението "Дајте ни крилја" од Скопје.

Целта на самата изложба беше да се промовира систематското јавање коњи како терапевтски метод, а со оглед на тоа што корисниците на дневниот центар веќе се вклучени во вакви активности, бевме поканети да ги прикажеме искуствата од овој третман. Настанот беше воден од страна на естрадниот уметник Ребека и истиот беше медиумски покриен.

# Работилница со студенти од Факултет за ликовна уметност

Во рамките на продолжувањето на веќе воспоставената соработка со Факултетот за ликовна уметност на Меѓународниот ден на лицата со попреченост на 03.12.2010 година, корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје реализираа работилница во дневниот центар со студенти од Факултетот за Ликовна уметност од отсекот за вајарство. Притоа беа спроведени две различни работилници – работа со гипс и работа со глина. Готовите производи заедно со останати изработки од корисниците ќе бидат поставени во вид на изложба на Факултетот за ликовна уметност – ателјеа за вајарство започнувајќи од 22-ри Декември оваа година.





# Работилница со младите активисти на Црвен Крст



Во рамките на одбележувањето на 3-ти Декември, Меѓународниот Ден на лицата со попреченост корисниците на услугите на дневниот центар - ПОРАКА Скопје на 06.12.2010 година реализираа работилница со младите активисти на Црвен Крст на Град Скопје.

На работилницата беа изработени честитки за Нова Година кои ќе бидат доставени до нашите соработници.

На овој начин се продолжи со една успешно воспоставена соработка, а истата се надеваме дека ќе биде продлабочена.

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Штип

Членовите на Центарот за подршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Штип го одбележаа 3-ти Декември - Меѓународниот ден на лицата со попреченост.

Членовите присуствуваа на одбележувањето на овој ден во средното училиште за образование и рехабилитација ИСКРА во Штип, на кое одбележување присуствуваше и градоначалникот Др Зоран Алексов. Учениците од „ИСКРА" приредија пригодна програма , а членовите од ПОРАКА се сретнаа со наставниците од училиштето и се потсетија на деновите минати во овие школски клупи,

На 04.12.2010 год. во просториите на ЦПЛИП - ПОРАКА Штип беше организиран квиз натпревар каде учество зедоа сите присутни членови. На членовите им беше доделена донација обезбедена од АД Баргала - Штип, Брегалничката епархија и Кит - Го.



Голема благодарност до спонзорите кои им овозможија на членовите на ЦПЛИП - ПОРАКА Штип да поминат уште еден убав ден.

# Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Виница

По повод 3-ти Декември - Меѓународниот ден на лицата со попреченост, Центарот за подршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Виница на 3.12.2010 година во просториите на Општина Виница одржа отворена јавна трибина под мотото "Животот како безбедна авантура". На трибината беа поканети Градоначалникот на Општина Виница, г-дин Емил Дончев, претставници од локални институции, членови на ЦПЛИП - ПОРАКА Виница со нивните родители, претставници од бизнис сектор и корисници на дневниот центар - Берово со персоналот. На трибината беше презентиран изготвениот локален акционен план и беше потенцирано неговото значење. Истиот ден беа дистрибуирани брошури за полесно остварување на права од социјална и здравствена заштита и за заштита од малтретирање, насилство и злоупотреба, а беше договрена нивна дистрибуција преку локалниот весник "Винеам". Исто така, беше поставена продажна изложба од ракотворби и новогодишни честитки изработени од корисниците на дневниот центар - Виница. Настанот беше медиумски покриен од локалниот весник "Винеам" и ТВ Кочани.

По повод 3-ти Декември, ЦПЛИП - ПОРАКА Виница организираше заедничка активност на локалитетот Пониква за децата од дневниот центар - Виница и децата од посебната паралелка при ЦОУ "Кочо Рацин" - Блатец.

# Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица

ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица реализираше неколку активности за одбележување на 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост.

Одбележувањето започна со средба на претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица и неколку членови на организацијата со г-дин Зоран Заев, градоначалник на Општина Струмица. Средбата се одржа во просториите на општината. На истата се дискутираше за актуелните состојби во општина Струмица од аспект на потребите на лицата со интелектуална попреченост и за проблемите со кои тие се соочуваат во секојдневието, а кои се директно поврзани или произлегуваат од состојбата на попреченост. Во таа смисла, се разговараше и за проблемите со кои се соочуваат родителите и блиските роднини кои се грижат за членот од семејството со интелектуална попреченост, понатаму за можностите за отворање на алтернативни форми на згрижување за лицата со интелектуална попреченост кои го завршиле образовниот процес.

Градоначалникот ја нагласи подготвеноста на локалната самоуправа да биде партнер на невладиниот сектор во изработката на идни проекти и да овозможи соодветна поддршка.



Во попладневните часови беше организирана симболична изложба на глинени изработки од децата и младинците кои го посетуваат Социјалниот клуб. На изложбата присуствуваа претставници од локалната самоуправа, од другите невладини организации, ученици од средното општинско училиште "Димитар Влахов" и други заинтересирани граѓани. Собирот беше медиумски покриен од една од локалните телевизиски станици.

**Преземен текст “24 часа здравје” од 22-ри ноември 2010 година**

# АУТИЗАМ - ПРЕДУПРЕДУВАЧКИ ЗНАЦИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ

***Научно е докажано дека со целна рана интервенција значително може да се подобри животниот исход на луѓето со аутизам***

Родителите се плашат од аутизам кај своето дете и со право. Мистериозното и комплексно нарушување на мозокот, чија причина е непозната, ја уништува детската способност да зборува и да комуницира со другите. На децата аутизмот не им се дијагностицира пред втората година, но некои деца почнуваат да покажуваат знаци на аутизам и пред тоа. Постои ли кај вашето дете ризик од аутизам? Што би требало да знаете и на што треба да внимавате?

**Нема поврзување**
Дури и ако се премали да зборуваат, типичните деца прават сѐ и сешто за да го привлечат вниманието на своите родители или старатели. Тие се смешкаат, трепкаат, ги движат рацете и нозете итн. Детето кое не прави никаков напор да се поврзе може да е аутистично.

**Лош контакт со очите**
Бебето на возраст од два месеца веќе би требало да почне да создава контакт со очите. До возраст од една или две години, ако вашето дете изгледа веќе заинтересирано да гледа во работи (вклучувајќи ја и устата) многу повеќе отколку во очите, тоа е можен знак дека е аутистично.

**Каде се зборовите?**
Гугу-гага не е само слатко. Тоа е начин на кој вашето дете покажува дека јазичните вештини се развиваат. Ако вашето дете не гуга до својот шести месец или гага и бесмислено зборува доста откако веќе ќе почне да користи зборови – тој/таа можеби има аутизам или сличен проблем.

**Не препознава имиња**
Од шест месеци старост детето веќе би требало бргу да погледне кога некој го кажува неговото име. Дали вашето дете реагира на вашите повици или ве погледнува многу ретко? Тоа е знак за предупредување.

**Покажи ми ја насмевката**
Насмејте му се на детето и тоа би требало да ви возврати со насмевка – барем во повеќето од случаите. Бебињата тоа го прават веќе од два месеца. Алармирајте ако детето воопшто не возраќа со смеење.

**Чудно поставување играчки**
Децата со аутизам прават чудни работи со своите играчки. Можеби ќе ги врти, тресе или ќе ги реди и тоа ќе го прави без никаква смисла или цел.

**Удирање со рацете**
Зачестеното мавтање со рацете без некоја посебна причина е знак за предупредување на аутизам. Но, и други чудни движења со телото или пози исто така може да бидат знак на неволја. Ги вкочанува ли вашето дете често нозете или рацете? Врти ли често со зглобовите на рацете?



**Одење на прсти**
Повеќето деца одат на прсти кога уште не може да одат и кружат околу масата или каучот. Некои деца тоа го прават подоцна, но од забава. Но ако вашето дете оди на прсти повеќето од времето или ако изгледа дека не може да поднесе целото стапало да му е на под, треба да се загрижите.

**Повторување зборови**
Дали вашето дете е ваш личен повторувач, редовно повторувајќи делови или сите зборови кои ќе ги изговорите? Тоа е причина за загриженост. Децата подобро нека ги повторуваат сите ТВ-програми или реклами отколку сами со помош на зборови да комуницираат со други.

**Имитација**
Бебињата и малите деца сакаат да ги имитираат постапките на другите. Така тие се учат да се смеат, да јадат и да си играат. Детето кое покажува знаци на аутизам другите ги имитира многу ретко. Наместо тоа, тие само набљудуваат, а не имитираат. А кога децата со аутизам и почнуваат да имитираат други, тие од тоа не прават друштвена игра.

***Има уште неколку знаци на кои треба да се внимава:***

- Детето е неблагодарно, речиси ништо не бара и го зема само понуденото, самото се послужува со она што го сака;
- Не се плаши од непознати луѓе ни со навршена една година;
- Не внимава на одењето на мајката или блиските личности од просторијата ни со навршени две години;
- Не игра игри на преправање и не користи играчки за замена на предмети;
- Покажува изливи на бес без посебна јасна причина;
- Покажува опсесивни интереси за одредени објекти и дразби;
- Силно се врзува за дневната рутина и не привлекува промени.

Секако, по правило некои од овие знаци сами за себе не мора да значат ништо (или може да бидат знак на некое друго нарушување), но ако се јавуваат повеќе знаци, обратете се на лекар. И тоа, колку можете порано, толку подобро. Научно е докажано дека со целна рана интервенција значајно може да се подобри животниот исход на луѓето со аутизам.

# Наша Страница

## Корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш во посета на пекарата "ДАВИД"



На 2.12.2010 година, корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш ја посетија пекарата "Давид" каде се запознаа со процесот на производство на леб и бели печива.

Оваа пекара е една од најголемите пекари во нашиот град каде најголемиот дел од производството се одвива машински, а вработени се 18 лица и секој од нив стручен во своите работни задачи.

За корисниците најинтересни беа машините за ставање брашно за отпочнување на производствениот процес, потоа за машинско месење на тестото, мерење на парчиња тесто во калапчиња, а најголема од сите машини беше печката каде се пече лебот. Пекарата работи по сите европски стандарди за ваков вид на производство на леб и бели печива.





Со оваа социјална активност, беше задоволена желбата на корисниците и нивната љубопитност да се запознаат со местото каде се произведува лебот кој секојдневно самостојно го купуваат за потребите на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш.

ISSN 0350-5863